Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-354/4
18-07-2022 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 - 354 од 24.06.2022 година, поднесена од адвокат [redacted] во име на [redacted] Скопје за сторено вознемирување против [redacted] Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 18.07.2022 години, го донесе следниот

**ЗАКЛУЧОК**

**СЕ ОТФРЛА** претставката за сторено вознемирување со бр. 08-354 од 24.06.2022 година, поднесена од адвокат [redacted] во име на [redacted] Скопје против [redacted] Јандриоски **поради неуредност.**

Образложение

На 24.06.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за сторено вознемирување од страна на адвокат [redacted] во име на [redacted] против [redacted].

Од причина што претставката не ги содржеше задолжителните елементи од член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 30.06.2022 година Комисијата согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, до подносителот достави барање за доуредување на претставката. Со барањето подносителот беше задолжен да ја доуреди претставката, во насока што ќе ја наведе адресата на потенцијалниот дискриминатор против кого ја поднесува претставката.

Подносителот не ја доуреди претставката во законски предвидениот рок, следствено на тоа Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради неуредност.

Скопје
18.07.2022 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Кире Василев

Доставено до:
- [redacted]